# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги (РКЕ) го оценува како легитимно, но беспредметно и спротивно на закон јавното барање на директорот на ЈСП за РКЕ да ја замрзне цената на ЦНГ (метан) и истата да ја регулира, од причина што станува збор за пазарна дејност, која не е во надлежност на РКЕ.

**Согласно Законот за енергетика, кој што е одобрен од Енергетската заедница РКЕ не смее да издава лиценци за трговија со ЦНГ со оглед на фактот дека пазарот на природен гас во земјава е целосно либерализиран започнувајќи од 01.01.2015 година.**

**„ Регулаторната комисија за енергетика единствено ги утврдува тарифите за пренос и дистрибуција на природен гас, ние не издаваме лиценци за трговија со ЦНГ, затоа што пазарот на природен гас е либерализиран веќе 7 години. А одлука за замрзнување на цени носи Владата. “ изјави Марко Бислимоски, претседател на РКЕ.**

Природниот гас кој се транспортира во посебни боци, при што истиот е во компримирана состојба, ЦНГ или често викан „метан“ може слободно да се тргува без лиценца. Набавката и продажбата на компримираниот природен гас може да го врши секое правно и физичко лице за свои потреби. Цената на овој енергенс не е регулирана и истата слободно се формира од страна на трговците со ЦНГ.

5.1.2022